**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 0803 – 216/1**

**Скопје, 03/02/2009 година**

**ДО**
**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ЗДРАВСТВЕН ДОМ - ТЕТОВО**

# ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој извештај е извршената ревизија на побарувањата и обврските со состојба на 31.07.2008 година кај Јавната здравствена установа Здравствен дом Тетово (во понатамошниот текст ЈЗУ Здравствен дом).

2. Ревизијата на побарувањата и обврските од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за работењето на ЈЗУ Здравствен дом Тетово за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Искажувањето на состојбата на ненаплатените побарувања и неизмирените обврски од точка 1 на овој извештај, претставува одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

    - Д-р Плумб Вела, Вршител на должноста директор на ЈЗУ Здравствен дом до 02.09.2008 година,
    - Д-р Харун Исмаили, Вршител на должноста директор на ЈЗУ Здравствен дом од 02.09.2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 4, и да дадат мислење за побарувањата и обврските од точка 1 засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 13.10 до 24.10.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на ненаплатените побарувања и неизмирените обврски со состојба на 31.07.2008 година од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење дали побарувањата и обврските се реално и објективно искажани во сметководствената евиденција и дали истите се законски засновани.

8. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија.

Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување, дали побарувањата и обврските се реално и објективно искажани во сметководствената евиденција и законски засновани.

Ревизијата ја вклучува целокупната законска регулатива како и сите процедури и постапки при утврдување на реалното и објективно прикажување на побарувањата и обврските. Информациите за извршената ревизија се добиени преку:

- Закон за здравствената заштита;
- Закон за здравственото осигурување;
- Правилник за начинот на плаќањето на здравствените услуги во примарна здравствена заштита;
- Интерни акти;
- Сметководствена евиденција;
- Интервјуа со раководството на ЈЗУ Здравствен дом.

Ревизијата вклучува испитување на докази и проценување на:

- Правниот основ за постоење на побарувањата и обврските;
- Старосната структура на побарувањата и обврските и мерките превземени за наплата на побарувањата, искажани во заклучниот лист.

Поради наведеното, ревизијата изврши проверка на склучените договори со здравствените установи по основ на утврдените критериуми за начинот на плаќање на здравствените услуги како и договорите за јавни набавки во однос на спроведување на одредбите од Законот за јавни набавки.

Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

9. Со ревизијата на побарувањата и обврските, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**9.1. Примена на законски прописи**

9.1.1. Врз основа на измените и дополнувањето на Законот за здравствена заштита, според кој постојните медицински центри се пререгистрираат во здравствени домови, поделбата на Медицинскиот центар Тетово е извршена помеѓу ЈЗУ Здравствен дом и ЈЗУ Клиничка болница врз основа на соодносот кој го користи Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија при поделбата на приходите од Буџетот на Република Македонија помеѓу ЈЗУ Здравствен дом и ЈЗУ Клиничка болница. Со увид во постапката на поделба на имотот, обврските и побарувањата како и постапката при изготвување на делбениот биланс, ревизијата констатира дека:

- Спротивно на спогодбата за поделба според која земјиштето е во државна сопственост и останува во сметководствената евиденција на ЈЗО Медицински центар односно ЈЗУ Клиничка болница, ЈЗУ Здравствен дом склучува договори за издавање под закуп на дворното место и објектите изградени на истото;
- ЈЗУ Здравствен дом како корисник на недвижни ствари во државна сопственост, не располага со евиденција за истите и нема доставено известување до Владата на РМ за издавање на недвижни ствари под закуп, додека наплатените парични средства по основ на закуп кои претставуваат приход на Буџетот на РМ, не се уплатуваат на сметката на Буџетот на РМ,


*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311 ---------------------------

туку на сметката на ЈЗУ Здравствен дом, што е спротивно на одредбите од Законот за користење и располагање со стварите на државни органи.

Наведените состојби овозможуваат несоодветно распоредување на имотот, побарувањата и обврските помеѓу новоформираните правни субјекти, незаконско користење на недвижните ствари кои се во државна сопственост и ненаменско користење на приходот остварен со издавање на недвижните ствари.

**Препорака**

1) Одговорното лице да воспостави сметководствена евиденција на недвижните ствари во државна сопственост со кои стопанисува, издавањето на недвижните ствари под закуп да биде усогласено со одредбите од Законот за користење и располагање со стварите на државни органи, а остварените приходи да се уплатуваат на сметката на буџетот на Република Македонија.
2) Одговорното лице да го врати на користење недвижниот имот кој според спогодбата припаѓа на ЈЗУ Клиничка болница – Тетово.

**9.2. Искажување на побарувањата и обврските во Билансот на состојба**

Според сметководствената евиденција на ЈЗУ Здравствен дом со состојба на ден 31.07.2008 година има ненаплатени побарувања од купувачите во вкупен износ од 7,718 илјади денари, од кои 6% се побарувања од државни институции, 67% се побарувања од приватни здравствени установи (концесионери) и други купувачи, а 27% се сомнителни и спорни побарувања. Разликата помеѓу состојбата на побарувањата во вкупен износ од 7,718 илјади денари и износот од 5,649 илјади денари за кои се испратени конфирмации претставува износот на сомнителните и спорните побарувања.

Со увид во сметководствената евиденција, ревизијата констатира дека ЈЗУ Здравствен дом со состојба на ден 31.07.2008 година има неизмирено обврски спрема добавувачите во вкупен износ од 97,775 илјади денари, од кои 54% се обврски спрема Фондот за здравствено осигурување, а 46 % се обврски спрема други добавувачи.

Врз основа на меѓународните стандарди за ревизија 500 - Ревизорски докази и 505 Екстерни конфирмации од страна на ревизијата испратени се конфирмации до комитентите заради обезбедување на достатни соодветни ревизорски докази за состојбата на побарувањата и обврските.

За ненаплатените побарувања во вкупен износ од 5,649 илјади денари испратени се 16 конфирмации во износ од 2,814 илјади денари кои опфаќаат 50% од побарувањата. Од испратените конфирмации до денот на ревизијата добиени се одговори од 3 комитенти во износ од 287 илјади денари (10% од испратените конфирмации) кои не ја потврдија сметководствената состојба, додека за 13 конфирмации во вкупен износ од 2,527 илјади денари (90% - од испратените конфирмации) не се добиени одговори.

Обврските спрема добавувачите со состојба на ден 31.07.2008 година во вкупен износ од 97,775 илјади денари ги сочинуваат обврските во вкупен износ од 45,234 илјади денари и побарувачкото салдо од аналитичката евиденција за побарувањата од Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија во износ од 52,541 илјади денари, кое претставува повеќе добиени средства и имаат третман на добиени аванси. За наведените обврски испратени се 23 конфирмации


*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311 ----------------------------

во износ од 86,863 илјади денари, кои опфаќаат 89% од обврските. Од испратените конфирмации до денот на ревизијата добиени се одговори од 11 комитенти во износ од 18,501 илјади денари (21% од испратените конфирмации), од кои 6 конфирмација во износ од 11,324 илјади денари ја потврдија сметководствената состојба (13% од испратените конфирмации), 5 конфирмации во износ од 7,177 илјади денари не ја потврди сметководствената состојба (8% од испратените конфирмации ) додека за 12 конфирмации во вкупен износ од 68,362 илјади денари (79% - од испратените конфирмации) не се добиени одговори.

Врз основа на испратените конфирмации и пристигнатите одговори ревизијата не обезбеди доказ дека побарувањата и обврските со состојба на ден 31.07.2008 година во сметководствената евиденција се реално и објективно искажани. Заради наведеното од страна на ревизијата е извршено испитување и анализа на сметководствената документација кај одделни должници и доверители со што се потврди состојбата на побарувањата и обврските искажани во сметководствената евиденција.

Со анализа на старосната структура на побарувањата и обврските ревизијата констатира низок степен на ликвидност на ЈЗУ Здравствен дом Тетово и недоволна ангажираност на менаџерскиот тим при превземање мерки за наплата на ненаплатените побарувања и ненавремено измирување на обврските, со што е дадена можност за имотно правна корист на трети лица. (Прилог број 1). При издавањето на недвижниот имот под закуп на приватните здравствени установи не е обезбедена гаранција, ниту се утужени корисниците на недвижниот имот кои неблаговремено ги измируваат обврските. Наведеното предизвикува намален прилив на парични средства во Буџетот на Република Македонија.

**Препорака**

Одговорното лице да превземе соодветни активности и мерки во делот на обезбедување гаранција од корисниците на здравствените услуги и од корисниците на издадениот недвижен имот под закуп, како и навремено измирување на обврските спрема добавувачите и вработените во јавната установа.

10. Според наше мислење, освен изнесеното во точката 9, побарувањата и обврските во ЈЗУ Здравствен дом Тетово се реално и објективно искажани во сметководствената евиденција и законски се засновани.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 30/01/2009 година**



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311